1359

**PRES-SERVIS**
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578.
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
Скопје
23. VI. 1966

КУЛТУРЕН РАЗМЕРНИК

**НА ДВЕТЕ ИЗЛОЖБИ НА МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ВО РАМКИТЕ НА ГОДИНАШНАВА „СРЕДБА НА СОЛИДАРНОСТА"**

# ПОКАНЕТ И ЖАН КАСУ

## ● ПОКРАЈ ТРАДИЦИОНАЛНАТА ИЗЛОЖБА НА ПОДАРЕНИ ДЕЛА, МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ ЌЕ ЈА ОРГАНИЗИРА И ИЗЛОЖБАТА НА МАЈСКИОТ САЛОН ВО ПАРИЗ

**Музејот за современа уметност од Скопје во рамките на годинашнава „Средба на солидарноста" ќе ја отвори својата традиционална изложба на подарени дела, а новина ќе биде Мајскиот салон од Париз, комплетна изложба на повеќе експонати што ќе биде пренесена од метрополата на Франција.**

Изложбата на подарените дела на Музејот на современата уметност ќе биде отворена на 24 јули во салонот на „Ѓуро Салај", а нејзиното затворање се предвидува на 15 август. На изложбата ќе бидат презентирани сите дела што како подарок ги доби Музејот во периодот од три години.

**Експонатите на Мајскиот салон од Париз ќе бидат изложени, почнувајќи од 24 јули до 15 август, во просториите на Собранието на СРМ.**

Музејот за современа уметност за организација на овие две изложби од Комитетот на „Средбата на солидарноста" побара средства во износ од 11.500.000 стари динари.

Како и минатите години и оваа, Музејот ќе покани неколку гости на своите изложби, ликовни уметници што му подарија свои творби.

**Од домашните ликовни уметници ќе бидат поканети Петар Лубарда, сликар од Белград, прв дарител на Музејот. Лубарда беше поканет да дојде во Скопје на минатите Средби, меѓутоа, поради слаба здравствена положба не беше во состојба да допатува. Покрај Лубарда поканет е и Ордан Петлевски, еден од најголемите дарители на Музејот од Југославија, член на Иницијативниот одбор на акцијата за подарување и соработување со установата.**

Покрај Лубарда и Петлевски од нашата земја поканети се и сликарите Едо Муртиќ од Загреб и Стојан Ќелиќ од Белград.

**Од Франција е поканет истакнатиот писател и теоретичар на уметноста, еден од организаторите за првите подароци од Франција, Жан Касу. Од Италија е поканет Алвиани Гетуљо, еден од дарителите од оваа земја, кој во текот на Средбата ќе престојува во Белград. Третиот гостин на Музејот од странство ќе биде професор Улиќ, директор на уметничката галерија од Дрезден.**

С. П.